*Република Северна Македонија*
*МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА*
*Бр. 05-4001/5*
16. 10. 2019
*____________2019 година*
*Скопје*

*Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година, **по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски** ја донесе следната:*

## *О Д Л У К А*
## ***за јавна набавка***

*1.За потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведе постапка –постапка со преговарање без објавување на оглас за набавка на услуга: Набавка на услуга за редовно превентивно одржување на веќе постоечкиот апликативен софтвер за трезорско работење, софтвер за евиденција и праќење на буџет, софтвер за благајничко работење; софтвер за трезорско работење во делот за О1 образец и апликативен софтверски модул кој врши евиденција и следење на договорите за јавните набавки, за потребите на Министерство за правда.*

*1.1.Предмет (вид) на набавка: Набавка на услуга за редовно превентивно одржување на веќе постоечкиот апликативен софтвер за трезорско работење, софтвер за евиденција и праќење на буџет, софтвер за благајничко работење; софтвер за трезорско работење во делот за О1 образец и апликативен софтверски модул кој врши евиденција и следење на договорите за јавните набавки, за потребите на Министерство за правда.*

*1.2. Предметот на набавка е неделив.*
*Предметот на набавката е неделлив бидејќи за услуги од ист вид не е целисходно постапката да биде делива, со оглед на тоа што стоките кои се предмет на набавка може да ги понуди еден ист економски оператор.*

*2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 90.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 16.200,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 106.200,00 денари*

*Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2019/2020 година.*

3. *Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка*

*Постапката да се спроведе согласно* ***член 55****, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас за набавка на услуга.*

4. *Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно* ***член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена понудена по спроведена електронска аукција преку ЕСЈН.***

5. *Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на месечна фактура.*

6. *Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.*
7. *За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:*

| |
|---|
| 1. *Нофка Стојанова -* ***претседател на комисија за јавни набавки*** |
| 2. *Фљутра Реџепи –****член на комисија за јавни набавки*** |
| 3. *Теута бериша –* ***член на комисија за јавни набавки*** |

8. *Се задолжува комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од* ***член 79*** *од Законот за јавните набавки.*

9. *За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите од Комисијата за јавни набавки.*

10. *Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.*